Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На запад** КП 3472
**На север**: улица„Гаврил Лесновски“
**На исток:** улица “Московска“
**На југ:** дел од улица “Женевска“ и дел од ГП 9.6

Површината на урбаниот опфат изнесува 1,52 ха.

### Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: образование и наука-основно училиште и јавни институции.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

В1 –образование и наука-основно училиште

В – јавни институции

Максималната висина на на градбите изнесува Нмах.=10.20 м. , односно катност на градбите изнесува П+2.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7375/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.09.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток Општина Карпош - Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток Општина Карпош - Скопје донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-7515/8**
**03.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Четириесеттата седница одржана на 29 септември 2011 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток Општина Карпош - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток , Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На запад** границата на планот се движи по осовина на река Серава
**На север**: границата на планот се движи по осовината на река Серава
**На исток:** границата на планот по осовина на магистралниот пат Скопје- Качаник
**На југ:** границата на планот продолжува по осовина на магистралниот пат Скопје- Качаник

Површината на урбаниот опфат изнесува 2,48 ха.

### Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: Г3 сервиси и производство,инфраструктура и зеленило и рекреација

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

Г 3–производство и сервиси

Е- инфраструктура

Д2-зеленило и рекреација

Максималната висина на венец на градбите изнесува Нмах.=11.00м. односно П+2.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

### Член 4

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри

### Член 5

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7375/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ

29.09.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за Урбан блок Карпош 3 “Трговско спортски центар“,дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош - Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за Урбан блок Карпош 3 “Трговско спортски центар“,дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош – Скопје, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-7515/9<br>
03.10.2011 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Четириесеттата седница одржана на 29 септември 2011 година, донесе

## О Д Л У К А

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за Урбан блок Карпош 3 “Трговско спортски центар“,дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план за Урбан блок Карпош 3 “Трговско спортски центар“ дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север** границата оди по оската на новопланирана улица 3 (реализирана) , граница на нменска зона дефинирана со ГУП и постоен канал за одводнување,

**На запад** по оската на новопланирана улица 1 (реализирана),

**На југ** по оската на новопланирана улица 2 и граница на наменска зона дефинирани со ГУП,

**На исток** по оската на бул.“Октомвриска Револуција“.

Површината на урбаниот опфат изнесува 7,84 ха.

### Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: спорт и рекреација, заштитно зеленило и комунална инфраструктура.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

Д3 - Спорт и рекреација

Д2 - Заштитно зеленило

Е2 - Комунална супраструктура

Максималната висина на венец на градбите изнесува Hмах.=20,00 м. односно П+3 висина во катови.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7375/9
29.09.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновск,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош

1.Се објавува Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош, донесен на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-7515/11**
**03.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП)

## за Општина Карпош

**Скопје, септември 2011 год.**

*Почитувани граѓани, пријатели и соработници на Општина Карпош,*



*Со големо задоволство Ви го претставувам Локалниот Акционен План за животна средина (ЛЕАП) за Општината во која живееме, твориме и градиме иднина за нашите идни генерации.*

*Овој Акционен план претставува стратешки плански документ за Општина Карпош за следниот шестгодишен период (2011-2017 год.) со идентификувана сегашна состојба со животната средина и урбаниот развој како резултат на природните услови, економски активности и социјалниот развој и со дефинирани клучни проблеми и предложени мерки и активности за решавање на проблемите од областа на животната средина.*

*Концептот и процесот на изработка на Локалниот План за животна средина, обезбедија сознанија за тоа од каде потекнуваат притисоците врз различните медиуми во животната средина (воздухот, водата, почвата, бучавата). Покрај тоа во него ги наоѓаме и одговорите за тоа како управуваме со водните ресурси, водата за пиење и отпадните води, како управуваме со комуналниот отпад, како не управуваме со другите видови на отпад, како го планираме урбаниот развој на нашата Општина, како се грижиме за природните богатства и дали можеме истите да ги зачуваме и промовираме.*

*Врз база на овие сознанија, користејќи современи техники и алатки, вклучувајќи ја максимално јавноста и сите чинители во нашата Општина, во него ги дефиниравме проблемите во сите тематски области. При дефинирање на Акциониот План како дел од ЛЕАП-от, извршивме распоред, подредување на приоритети на клучните проблеми и предложивме мерки и активности за решавање на истите.*

*Недвосмислена и јасна е мојата определба и залагање за воспоставување на дијалог со владини институции, бизнис заедницата, другите општини и меѓународните финансиски институции за реализација на предложените мерки за зачувување на релативно чистата животна средина во нашата Општина, поддржување на основните принципи на превенција од загадување и успешно решавање на дефинираните клучни проблеми.*

*Подготвеноста за реализација на мерките и активностите како и нивно практично спроведување ќе претставуваат најдобра промоција на нашата Општина како “урбана, но и еколошки одржлива средина” која нуди услови за хумано живеење и почитување на правата за чиста и безбедна животна средина.*

*Убеден сум дека подготовката на ЛЕАП-от претставува продолжување на нашите напори во минатиот период да воспоставиме успешна соработка со еколошките невладини организации и да реализираме голем број на еколошки акции, успешни обуки и активности со најмладите во училиштата за да ги воведеме во светот на “екологијата”. И се разбира, тој ние ги отвора вратите за дијалог со бизнис заедницата за почитување на законските одредби и зајакнување на*

*нивните капацитети со цел да се постигне намалување на потрошувачка на природни ресурси и емисии во медиумите на животната средина.*

*Се надевам дека сите граѓани на Општината ќе ги поддржат активностите и проектите кои ќе следат во наредниот период и активно ќе учествуваат во нивната реализација. На тој начин ќе обезбедиме одржлив развој на нашата Општина балансирајќи меѓу брзиот економско - стопански развој, социјалниот развој и заштита и унапредување на животната средина, квалитетот на нашето живеење и здравјето на сегашните и идни генерации.*

*Општина Карпош*

*Градоначалник Стевче Јакимовски*

# УЧЕСНИЦИ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ЛЕАП ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

**Локален Управен Комитет (ЛУК) за изработка на ЛЕАП за Општина Карпош**

## Име и презиме / Институција

1. Радмила Ристовска - Член на Совет на Општина Карпош
2. Габриела Мацовска - Член на Совет на Општина Карпош
3. Роберт Живадиновиќ - Член на Совет на Општина Карпош
4. Цветанка Мишевска - Член на Совет на Општина Карпош
5. Мирјана Поповска - Член на Совет на Општина Карпош
6. Стојан Србиновски - Технички директор на ЈП"Водовод и канализација"
7. Ратко Гиновски - Координатор на територија на Општина Карпош од ЈП"Комунална хигиена "
8. Велјан Јагев -Технички директор на ЈП "Паркови и зеленило"
9. Дончо Герасимовски - Државен Завод за статистика на РМ
10.Точи - НВО „Амбрела“
11. Неда Милевска – Костовска Извршен директор ЦРИС „Студиорум“
12. Цветанка Икономова – Мартиновска - Сектор за заштита на животната средина на Град Скопје
13. Сузана Андонова - Проектна Канцеларија за POPs (МЖСПП)
14. Христина Антоноска - Директор на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“
15. Јелка Даскалова - Директорка на ОУ „Вера Циривири Трена“
16. Дарко Блинков - Државен инспектор во МЖСПП
17. Атанас Кочов - Декан на машински Факултет
18. Зоран Поповски - Проф. д-р на Факултет за земјоделски науки и храна
19. Дивна Пенчич - Асистент м-р на Факултет за архитектура
20. Христина Спасеновска - Асистент на Факултет за електротехника и информациони технологии
21. Митко Караделев - Проф. д-р на Природно – математички Факултет
22. Сретен Андонов - Проф. д-р на Факултет за земјоделски науки и храна
23. Анета Лозановска - Директор на Скопски плански регион
24. Горан Ковачевиќ - Министерство за животна средина, земјиште и море на Република Италија ( канцеларија во Скопје)
25. Даме Димитровски - Доцент д-р на машински Факултет
26. Родна Кондеска - Директор на ЈУОДГ „Орце Николов“
27. Никола Николовски - Проф. д-р на шумарски Факултет
28. Христо Кировски - АД Топлификација

## Членови на работни групи

**Работна група воздух/бучава:**

- Александра Димитриеска – координатор - Град Скопје

- Христо Кировски - АД Топлификација
- Сашо Младеновски - Инспекторат на Град Скопје
- Христина Кајевик - Сектор Сообраќај - Град Скопје
- Трајче Стафилов - ПМФ
- Гордана Ристевска - ЈЗУ Институт за јавно здравје

**Работна група вода:**

- Весна Хаџи – Кимова – координатор - Технолог
- Зоран Божиновски – ЈП "Водовод и канализација"
- Јасминка Шекеринова – Димитриева - ЈП "Водовод и канализација"
- Ангеле Илиевски – ЛАПЛАСТ М
- Живко Груевски – Уредување на градежно земјиште во Општина Карпош

**Работна група отпад:**

- Илија Грибовски – координатор – комунален инспектор во Општина Карпош
- Наташа Кормушовска Бакревска – Менаџер за животна средина во Цементара
- Владо Каровски - МЖСПП
- Марјан Јовановиќ – Комунален редар во Општина Карпош
- Милчо Биљановски - ЈП "Комунална хигиена"
- Елизабета Спиридонова - Организација на потрошувачи на Македонија

**Работна група почва и искористување на земјиштето:**

- Тања Ичев – координатор Општина Карпош
- Иван Блинков - Шумарски Факултет
- Ристо Здравев - Сектор урбанизам во Општина Карпош
- Душица Трпчевска – Анѓелковиќ - АПП
- Душко Мукаетов - Земјоделски Факултет
- Митко Димов – Геолог (хидрогеолог)

**Работна група природа:**

- Гордана Јанакиевска – координатор - НВО Сектор
- Митко Караделев - ПМФ
- Слободанка Стефановска - ЈП"Паркови и зеленило"
- Стефанка Хаџи – Пецова - Земјоделски Факултет
- Васко Атанасов - МЖСПП
- Бојан Симовски - Шумарски Факултет
- Зоран Николов - Природно Научен Музеј на Македонија

**Локален координатор за изработка на ЛЕАП, Гордана Максимовска**
**Заменик на локален координатор, Александра Тодоровска**
**Сектор за заштита на животната средина и природата, Раководител на Одделение, Љупчо Димов**

**Консултантски тим:**
**Славјанка Пејчиновска Андонова дипл. инг. технолог**
**Светлана Каровска дипл. град. инженер**
**Тања Николовска дипл. инж. за заштита на животната средина**
**Марија Николоска дипл. инж. за заштита на животната средина**

# ПРЕДГОВОР

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) има значајна функција во утврдувањето и апликацијата на принципите на одржливиот развој на локално ниво и во создавање основа за вистинско функционирање на локалната демократија, за креирање економија која ќе ги вградува вредностите на водите, воздухот, земјиштето, биодиверзитетот, природните вредности и реткости, во насока на обезбедување подобар стандард на живеење на граѓаните и одржливо користење на ресурсите во секоја општина.



Слика 1 Новата зграда на Општина Карпош

Подготовката на Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) како стратешки плански документ на општинско ниво, пред се е иницирана од потребата на граѓаните за чиста и здрава животна средина, но и како правна обврска која произлегува од новата законска регулатива.

Според Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени 124/10, 51/11) “Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија”.

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина во својата општина и желбата истата да се унапреди, општината Карпош пристапи кон изработка на ЛЕАП како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина.

Главната цел при подготовката на ЛЕАП за Општина Карпош беше да се идентификува состојбата со животната средина во сите тематски области (урбан развој, воздух, вода, отпад, бучава, почва и земјиште, природа), да се иницира процес на учество на јавноста за дефинирање на најприоритетните проблеми за кои ќе се предложат мерки и активности за решавање на истите со

дефинирани одговорности и план за набљудување и оценување на успешноста на спроведувањето во текот на годините.

Консултантскиот тим на фирмата АНАВИ - БИЛ Скопје, заедно со одговорните луѓе во Општината се обидоа (се надевам успешно), ЛЕАП да се темели врз реалните животни потреби на граѓаните во сите населени места во Општината, како и економски прифатливите и оправдани решенија за надминување на идентификуваните проблеми во животната средина, како прв чекор кон креирање на амбиент за одржлив развој на Општина Карпош.

Најискрено се надевам дека ЛЕАП како плански и развоен документ на општината фокусиран на временски период (2011-2017 год.), прифатен од страна на Советот на општината ќе овозможи:

- Да ја поттикне локалната заедница да преземе конкретни обврски и грижа за животната средина преку спроведување на мерките и активностите дадени во Акциониот План;
- Да се иницира дијалог базиран врз аргументи и дефинирани приоритети меѓу претставници од Општината и меѓународните финансиски институции околу финансирање на проекти од областа на животната средина;
- Да се планира развој на Општина Карпош врз основа на реални расположливи ресурси, врз принципите на одржлив развој;
- Да се воспостави соработка со надлежни владини институции и други општини за обезбедување успешен регионален развој;
- Да се покренат конкретни активности на локално ниво, во вид на акции и мерки за подигнување на свеста на населението за значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина;

Се надевам на реализација на предложените активности преку долгорочни мали чекори, рационално и трпеливо. Конечниот ефект ќе биде позитивен доколку се оствари реален приод кон решавање на секој конкретен проблем, ако се обезбеди почитување на законските прописи, но и ако зајакне институционалната, материјално - финансиската и кадровската основа на Општината.

*Раководителот на проектот, во име на експертски тим на “АНАВИ - БИЛ” доо, Скопје ја изразува својата искрена благодарност на локалната власт - Советот на Општина Карпош и Градоначалникот Стевче Јакимовски, како и на граѓаните на Општината и на невладиниот сектор, на јавните претпријатија и на сите што покажаа подготвеност за соработка при изработката на Локалниот акционен план за животна средина.*

*Славјанка Пејчиновска – Андонова*

*дипл.инж.технолог –Консултант за животна средина*

Водител на проектот

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Концепт и процес на изработка

Изработката на стратешкиот плански документ за Општина Карпош се базира на примена на Националната Методологија за подготовка на ЛЕАП усвоена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање со вградување при изработката на следните начела:

- Обезбедување на одржлив развој на Општината;
- Максимална транспарентност и вклучување на јавноста;
- Оптимално искористување на финансиските и кадровски можности (сегашни и идни) на Општината и регионот.

Процесот на изработка на документот се одвиваше низ неколку чекори:

- Формирање на Локален управен комитет (ЛУК) за изработка на ЛЕАП од страна на Советот на Општина Карпош. Комитетот беше составен од претставници на локалната власт и претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Тој даваше насоки и препораки за изработка на документот, а посебна улога одигра во анимирање и вклучување на јавноста во сите фази на донесувањето на ЛЕАП-от;
- Анализа на расположливи национални и локални релевантни општи податоци, информации и документи за Општина Карпош за претставување на генералните карактеристики на Општината и нејзиното место во регионот;
- Формирање на Тематски работни групи и тесна соработка со консултантскиот тим околу пополнување на Работните листови за идентификација на состојбата со сите медиуми во животната средина;
- Идентификација на состојбата во однос на урбаниот развој, медиумите: вода, воздух и почва со искористување на земјиште, управувањето со отпадот, бучавата и природата и природните реткости користејќи ја DPSIR методологијата (Driving force - Движечки сили, Pressure - Притисок врз животната средина, State of environment – Состојба со животната средина, Impact – Влијание врз човековото здравје и природата, Response – Одговор од страна на надлежните институции);
- Учество на јавноста во идентификацијата на главните проблеми околу состојбата со животната средина преку анализа на пополнет анкетен лист (дадено во **Error! Reference source not found.**);
- Дефинирање на клучните проблеми во сите тематски области и експертска препорака на мерки потребни за решавање на истите;
- Спроведување на процес на приоретизација на клучните проблеми врз база на дефинирани критериуми од страна на членовите на Локалниот управен комитет со цел фокусирање на општинските финансиски и кадровски можности кон решавање на најприоритетните проблеми во Општината (дадено во **Error! Reference source not found.**);
- Одредување на цели и дефинирање на Планот за спроведување на мерки и активности за решавање на најприоритетните (20) проблеми од сите тематски области со идентификација на надлежни институции, потребен буџет за реализација на активностите и можни извори на финансирање;
- Дефинирање на План за набљудување и оценување на спроведувањето на Акциониот план со идентификација на индикатори за следење, зачестеност и лице одговорно за набљудување и оценување;
- Усвојување на Локалниот акционен план за животна средина од страна на Советот на Општината Карпош.

Во текот на подготовката, развојот и конечното оформување на ЛЕАП-от за Општина Карпош, обезбедено беше активно учество на локалното население, како најдиректно засегнат и заинтересиран субјект во овој процес. Изработката на ЛЕАП-от придонесе за афирмирање на одредбите на Архуската конвенција за слободен пристап до информациите за состојбите во животната средина и активно вклучување на јавноста во донесувањето на одлуки од областа на животната средина.

**Советот на Општината Карпош на својата Четириесетта седница одржана на 29.09.2011 год. го усвои Локалниот акционен план за животна средина, како стратешки плански документ за обезбедување на одржлив развој на општината и назначи тело за набљудување и оценување на спроведувањето на Акциониот план.**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Се очекуваат градежни активности поврзани со новоизградената жичарница Скопје-Водно и за истите мора да се спроведе постака за оценка на влијание на проектните активности врз животната средина | | | | | | | | |
| 5 | Ниско ниво на свест кај јавноста и институциите за заштита на Водно и Градскиот Парк | | | | | | | | |
| 6 | Неповолна социо - економска состојба што го зголемува притисокот врз биодиверзитетот и природните ресурси | | | | | | | | |

Овој План влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Бр..07-7375/11
29.09.2011 година
Скопје

Претседател
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-7515/12**
**03.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница, одржана на ден 29.09.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош

Член 1

Инвеститорот Општина Карпош, се ослободува од обврската за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош, во износ од 9.178.013,00 денари, утврдени со Прасметката на Град Скопје Бр.11/13-2819/1-ПР од 13.07. 2011 година.

Член 2

Средствата од точка 1 на оваа Одлука ќе се наменат за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Карпош.

Претседател
на Совет на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Бр. 07 – 7375/12
29.09. 2011 год.
Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство во подрачјето на опфатот на ДУП за дел од УЗ “Злокуќани”КО Злокуќани, Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство во подрачјето на опфатот на ДУП за дел од УЗ “Злокуќани”КО Злокуќани, Општина Карпош, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-7515/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.10.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02),а во врска со член 146 став 4 точка 3; член 147 стаав 4 и член 178 став 1 точка 2 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на Република Македонија” бр.20/04: 71/04: 115/07 и 18/11 ), Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница, одржана на ден 29 септември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство во подрачјето на опфатот на ДУП за дел од УЗ “Злокуќани”КО Злокуќани, Општина Карпош

Член 1

За потребите на Општина Карпош при изработка на ДУП за дел од УЗ “Злокуќани” - КО Злокуќани, Општина Карпош, со подрачје на опфат од 6,67 ха, се одобруваат финансиски средства во износ од 120.000,00 денари.

Член 2

Подрачјето на опфатот на предметниот план е во рамките на контактната зона на споменичната целина – Античка населба “ Скупи “, поради што е неопходна изработка на заштитно конзерваторска основа за колтурно наследство.

Член 3

Одобрените финансиски средства од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на жиро сметката од Националната установа Конзерваторски центар – Скопје, по претходно склучен договор со Општина Карпош.

Градоначалникот на Општина Карпош за одобрените финансиски средства од член 1 на оваа одлука ќе склучи договор со Националната установа Конзерваторски центар - Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Карпош.

Претседател
на Совет на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Бр. 07 -7375/13
29.09.2011 год.
Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на авторот на Монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош,по повод годишнината од нејзиата смрт

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на авторот на Монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош,по повод годишнината од нејзиата смрт, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-7515/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.10.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница одржана на 29 септември 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на авторот на Монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош,по повод годишнината од нејзиата смрт**

Член 1

На Миле Раденковиќ, автор на Монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Карпош, првата жена која го препливала Ла Манш, изработена по повод годишнината од нејзината смрт, му се доделуваат финансиски средства во износ од 526.000,00 денари, како надомест за покривање на трошоците направени за изработка на монографијата.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програмата за култура за 2011 година, ставка 464 – разни трансфери, подставка 464990 – други трансфери.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 7375/14
29.09.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за потребата од изградба на дворни огради на индивидуални станбени куќи заради реконструкција на ул. „Струшка“ и ул. „Ванчо Мицков“ – Општина Карпош

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за потребата од изградба на дворни огради на индивидуални станбени куќи заради реконструкција на ул. „Струшка“ и ул. „Ванчо Мицков“ – Општина Карпош, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-7515/15
03.10.2011 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница одржана на ден 29 септември 2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Информацијата за потребата од изградба на дворни огради на индивидуални станбени куќи заради реконструкција на ул. „Струшка“ и ул. „Ванчо Мицков“ – Општина Карпош.

2. При реконструкцијата на улиците „Струшка“ и „Ванчо Мицков“ потребно е да се постапи согласно Одлуката за изградба на дворни огради на инвидуалните станбени куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на деталните урбанистички планови /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 2/2011/.

Бр.07-7375/15<br>29.09.2011 година<br>Скопје

Претседател<br>на Совет на Општина Карпош<br>Трифун Трифуновск,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006),радоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства

1.Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-7515/16** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.10.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесеттата седница одржана на 29 септември 2011 година донесе

О Д Л У К А
**за доделување на финансиски средства**

Член 1

На Сузана Стојановска , од Скопје со стан на ул.“Ботун“ бр 17А, родител на Никола Стојановски, дете со посебни потреби,ученик во прво одделение во ОУ “Димо Хаџи Димов“се доделуваат финансиски средства во износ од 40.000,00 денари, за набавка на компјутер со специјален уред, кој ќе овозможи детето да посетува настава без пречки.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, ЕО-Општинска администрација,ставка 471- социјални надместоци, потставка 441990-друга социјална помош.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се пренесат во корист на Дарко Стојановски, на трансакциона сметка бр. 380276865900123, депонент во Прокредит Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 7375/16**
**29.09.2011 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Карпош**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2011 година

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2011 година, донесена на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 29 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-7515/17**
**03.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на Четириесеттата седница, одржана на 29 септември 2011 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за дејноста спорт
за 2011 година

Член 1

Во Програмата за дејноста спорт за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош “ бр.12/2010 и 14/2010 година), во табеларниот преглед “Спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош“, во точка 9. Работнички спортски игри , во колоната три - Организатор – покровител, зборовите „Општина Карпош“ се заменуваат зборовите „Синдикална организација на вработените во ЛС Карпош- Скопје УПОЗ“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр. 07-7375/17
29.09.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,**с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1-Заклучоци за усвојување на Годишните Програми за работа на Основните училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2011/2012 година, со Решенија за објавување

2.-Мислења за Програмите за екскурзии на Основните училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2011/2012 година, со Решенија за објавување

3.-Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Петар Поп Арсов“,со Решение за објавување

4.-Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ “Владо Тасевски““,со Решение за објавување

5.-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за населба “Козле“, МЗ “К.Ј. Питу“, дел. Б, Општина Карпош – Скопје“,со Решение за објавување

6.- Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Г.П.1.14,од Детален урбанистички план за дел од МЗ Тафталиџе 1,Тафталиџе 30, У.Б. 1 (Гимназија “Ѓорѓи Димитров“) КП 2773,Општина Карпош-Скопје“, со Решение за објавување

7.-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за ГП 9.6 ,од Детален урбанистички план,Тафталиџе 2, Северен дел (ОУ “Братство“), Општина Карпош-Скопје“, со Решение за објавување

8.-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток, Општина Карпош-Скопје “, со Решение за објавување

9.-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план заурбан блок Карпош 3,“Трговско-спортски центар“ дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош-Скопје“,со Решение за објавување

10.-Локален акционен план за животна средина за Општина Карпош, со Решение за објавување

11.-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош“, со Решение за објавување

12.-Одлука за одобрување на финансиски средства за изработка на заштитно-конзерваторски основи за Културно наследство во подрачјето на опфатот на ДУП за дел од УЗ “Злокуќани”-КО Злокуќани,Општина Карпош, со Решение за објавување

13.-Одлука за одобрување на финансиски средства на авторот на Монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Крапош, по повод годишнината од нејзиата смрт, со Решение за објавување

14.-Заклучок за усвојување на Информацијата за потребата од изградба на дворни огради на индивидуални станбени објекти заради реконструкција на ул.“Струшка“ и ул.“Ванчо Мицков“ – Општина Карпош“,со Решение за објавување

15.- Одлука за доделување на финансиски средства “, со Решение за објавување

16.- Програма за измена на Програмата за дејноста спорт на 2011 година“,со Решение за објавување

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува:** Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 30 примероци